ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
БР.10-979/2
Од 01.06.2021год.
Босилово

Градоначалникот на Општина Босилово, решавајќи по барањето на Друштво за производство,трговија,услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица, поднесено под број 10-979/1 од 25.05.2021 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма,со технички број 03-82/2021 од април 2021година изработена од Друштво за производство,трговија,услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица за изработка на проектна програма за изработка за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план- за КП бр.595 КО Радово,Општина Босилово.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство,трговија,услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица, поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број 03-82/2021од април 2021 година изработена од Друштво за производство,трговија,услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица за изработка на проектна програма за изработка за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план-за КП бр.595 КО Радово,Општина Босилово
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма

2. Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Босилово, со Решение бр. 09-1704/1 од 14.11.2017 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-979/2 од 01.06.2021 година.

Градоначалникот на општината Босилово по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник

на РМ бр.32/2020год). Врз основа на тоа, а согласно член 44 од Законот за просторно и урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК

ЗОРАН ЗИМБАКОВ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Босилово